A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)

(/default)

МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 24.04.2019

На 23.04.2019 година во периодот од 11.30 до 12.20 часот полициски службеници од СВР Тетово извршиле претрес во домот и помошни простории, сопственост на Б.Л.(33) од Тетово. При претресот биле пронајдени повеќе пакувања со марихуана. Б.Л. е приведен во полициска станица и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.04.2019 година во 13.00 часот во Полициската станица Ресен било пријавено дека на ул.„Јосиф Јосифовски“ во Ресен, во домот на Ј.Н. била пронајдена една рачна бомба од италијанско потекло со производство од 1944 година. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица

Ресен, а од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување бомбата била безбедно подигната за понатамошна постапка.

На 23.04.2019 година во 19.45 часот во Полициската станица Центар, А.Д.(21) од Скопје пријавил дека на 22.04.2019 година околу 23.00 часот на булевар „Илинден" бил каснат од куче скитник во пределот на десната рака.

На 23.04.2019 година во 11.30 часот Полициската станица Центар, Т.Д.(57) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 11.00 часот на улица „Македонија" бил каснат од куче скитник во пределот на двете нозе.

Во текот на изминатиот ден (23.04.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 31 возач управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 24 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило. Исто така, исклучени од сообраќај се и 13 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се четири возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, четири поради недавање првенство на минување на пешаци, седум возачи поради неправилно престројување, тројца поради неправилно престигнување, 16 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 20 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатите денови издадени се 75 мандатни платни налози и 63 возила се подигнати со специјално возило "пајак". Изминатиот ден се случиле 11 сообраќајни незгоди во кои девет лица се здобиле со телесни повреди.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на 23 април извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, сигурносен појас. Притоа, контролирани се 367 возачи ,од кои 17 возачи ја надминале дозволената брзина, шест возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле три возила, двајца возачи зборувале на мобилен телефон при управување на возилото,а три возачи не користеле сигурносен појас.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.С.(22) од село Боговиње,тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уцена''. Во декември 2018 година, пријавениот и се закануал на 20 годишна девојка од тетовско село дека, доколку не му исплати 300 евра, на социјалните мрежи ќе објавел фотографии со компромитирачка содржина.

На 23.04.2019 година околу 23.00 часот во СВР Велес, А.Д.(38) од Велес пријавил дека на ул.„Благој Ѓорев" во Велес бил каснат од куче скитникво

пределот на ногата.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.Б.(36) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба“. На 17/18.02.2019 во Скопје, во храмот „Свети Архангел Михаил“ на улица „Архимедова“ пријавениот со употреба на физичка сила влегол внатре и одзел каса со пари.

На 23.04.2019 година во 09.30 часот на место викано „Матејачки штали“ во село Матејче, во нива биле пронајдени гранати РРФ 40 мм, куршуми калибар 7,62х56мм, две рачни бомби со запалка кинеско производство, еден рачен ракетен фрлач(РРФ) со цевка кородиран, постоље за истиот, една дигитална нишанска справа со метална кутија и едно постоље за неа. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Куманово и пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување и предметите биле безбедно подигнати. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.Х.(33) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“. На 14.06.2018 година во Охрид полициски службеници извршиле претрес во дом и помошни простории кај пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 24.04.2019 година во 04.15 часот во СВР Скопје, Г.Г. пријавил дека во спортска обложувалница во трговски центар во Скопје непознати сторители извршиле тешка кражба и ги одзеле парите од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.У.(59) од село Вевчани, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. Во текот на 2018 и 2019 година пријавениот преку својот профил на социјалната мрежа Facebook ширел расистички и ксенофобичен материјал.

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

(/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe
tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)